Смрт на фашизмот — слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дуплификат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата.

СКОПЈЕ
Среда, 29 јуни 1955
Број 20 Година XI

Претплата за 1955 год. изнесува 800 дин. Овој број чини 30 динари
Чековна сметка број 802-Т-698

123.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДРАЧЈАТА НА ОКОЛИИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија, што го усвои Републичкиот собор на Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата одржана на 28 јуни 1955 година.

Бр. 9
28 јуни 1955 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов** с. р.

ЗАКОН
ЗА ПОДРАЧЈАТА НА ОКОЛИИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Народна Република Македонија постојат околии и општини утврдени со овој закон.

Член 2

Околиите се:

1) Битолска околија со седиште на Народниот одбор на Околијата во Битола;

2) Кумановска околија со седиште на Народниот одбор на Околијата во Куманово;

3) Охридска околија со седиште на Народниот одбор на Околијата во Охрид;

4) Скопска околија со седиште на Народниот одбор на Околијата во Скопје;

5) Тетовска околија со седиште на Народниот одбор на Околијата во Тетово;

6) Титоввелешка околија со седиште на Народниот одбор на Околијата во Титов Велес; и

7) Штипска околија со седиште на Народниот одбор на Околијата во Штип.

Член 3

Општините се:

I. ВО БИТОЛСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Битола со населените места:** Битола, Горно Оризари, Долно Оризари, Лавци, Поешево и Раштани.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Битола.

2) **Општина Бистрица со населените места:** Бач, Барешани, Бистрица, Буково, Велушина, Гермијан, Горно Егри, Граешница, Долно Егри, Драгош, Жабани, Живојно, Злокуќани, Канино, Кишава, Кременица, Кравари, Крстаор, Лажец, Мецитлија, Олевени, Оптичари, Ореово, Острец, Породин, Совиќ и Средно Егри.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Бистрица.

3) **Општина Демир Хисар со населените места:** Бараково, Бабино, Базерник, Боишта, Брезово, Вардино, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Мургашево, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суводол, Сувогрло, Утово и Церово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Мургашево.

4) **Општина Дихово со населените места:** Брусник, Братиндол, Гопеш, Ѓавато, Дихово, Доленци, Кажани, Лера, Магарево, Маловиште, Метимир, Нижеполе, Рамна, Ротино, Свиниште, Снегово, Српци, Трново и Цапари.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Дихово.

5) **Општина Долнени со населените места:** Бело Поље, Борино, Браилово, Вранче, Горно Село, Гостиражни, Дабјани, Десово, Дебриште, Долнени, Долгаец, Дреновец, Дупјачани, Жабјани, Заполжани, Забрчани, Зрзе, Јакреново, Костинци, Кошино, Кутлешево, Лажани, Мало Мраморани, Маргари, Небрегово, Новоселани, Пешталево, Рилево, Ропотово, Саждево, Сарандиново, Сенокос, Секирци, Слепче, Сливје, Средорек, Ѓстровја и Црнилиште.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Долнени.

6) **Општина Кривогаштани со населените места:** Бела Црква, Бучин, Војґани, Врбоец, Врбјани, Годивје, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Локвени, Мирче Ацев, Милошево, Обршани, Пашино Рувци, Пресил, Свето Митрани, Света, Славеј и Туроко.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Кривогаштани.

7) **Општина Крушево со населените места:** Алдинци, Арилево, Бирино, Велушино, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Житоше, Кочиште, Крушево, Норово, Острилци, Пуста Река, Растојца и Селце.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Крушево.

8) **Општина Кукуречани со населените** места: Беранци, Габалавци, Драгарино, Драгожани, Карамани, Крклино, Кукуречани, Лисолај, Лопатица, Могила, Ново Змирнево, Облаково, Радобор, Секирани, Српци, Старо Змирнево, Стрежево, Трн, Црно Буки и Црноец.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Кукуречани.

9) **Општина Мориово со населените места:** Бешиште, Браник, Будимирци, Вепрчани, Витолиште, Врпско, Градешница, Груниште, Гудјаково, Дуње, Живово, Зович, Кален, Кокре, Крушејца, Манастир, Маково, Орле, Пештани, Полчиште, Рапеш, Старавина и Чаниште.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Манастир.

10) **Општина Новаци со населените места:** Арматуш, Балдовенци, Биљаник, Брод, Будаково, Велесело, Врањевци, Гнилеж, Гнеотино, Горно Агларци, Грумази, Далбеговци, Дедебалци, Добромири, Добровени, Долно Агларци, Ивени, Логоварди, Мегленци, Новаци, Ново Село, Орехово, Паралово, Полог, Путурус, Рибарци, Скочивир, Сливица, Суводол, Тепавци, Трап и Црничани.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Новаци.

11) **Општина Плетвар со населените места:** Беловодица, Голем Радобил, Дрен, Крстец, Лениште, Мал Радобил, Никодин, Ореховец, Плетвар, Ракле, Смолани, Топлица, Тројаци и Царевич.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Плетвар.

12) **Општина Прилеп со населените места:** Беровци, Боротино, Варош, Волково, Галичани, Големо Коњари, Дабница, Кадино Село, Мало Рувци, Мало Коњари, Мажучиште, Ново Лагово, Прилеп, Прилепец, Присад, Селце, Старо Лагово, Чумово и Штавица.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Прилеп.

13) **Општина Тополчани со населените места:** Алинци, Алинци, Бонче, Вашарејца, Веселчани, Горно Чарлија, Долно Чарлија, Добрушево, Древеник, Ерековци, Загорани, Иваньевци, Канатларци, Клепач, Лопатица, Лознани, Марул, Мојно, Мусинци, Ношпал, Новоселани, Подино, Подмол, Свето Тодори, Тополчани, Тројкрсти, Трновци, Чепигово и Шелеверци.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Тополчани.

II. ВО КУМАНОВСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Клечевци со населените места:** Бељаковце, Војник, Димонце, Довезенце, Дренак, Зубовце, Јачинце, Клечевци, Коњух, Косматац, Мургаш, Новосељане, Облавце, Орах, Пендак, Ругинце, Страцин, Стрезовце и Шопско Рудари.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Клечевци.

2) **Општина Кратово со населените места:** Близанци, Вакв, Горно Кратово, Емирица, Железница, Живалево, Каврак, Кетеново, Кнежево, Војково, Кратово, Крилатица, Куново, Куклица, Луково, Мушково, Нежилово, Приковци, Сакулица, Талашманце, Татомир, Тополовик, Трновац, Туралево, Филиповци и Шлегово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Кратово.

3) **Општина Крива Паланка со населените места:** Баштево, Борово, Б'с, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Дренак, Дрење, Дубровница, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Крива Паланка, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивњак, Нерав, Огут, Осиче, Подржикоњ, Станци, Т'лминце, Трново и Узем.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Крива Паланка.

4) **Општина Куманово со населените места:** Агино Село, Едиње, Биљановце, Брзак, Доброшане, Долно Војнаре, Куманово, Лопате, Љубодраг, Младо Нагоричане, Ново Село, Опае, Проевце, Режановце, Речица, Романовце, Тромеґа, Умин Дол и Черкеско Село.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Куманово.

5) **Општина Липково со населените места:** Алашевце, Белановце, Виштица, Глажња, Гошинце, Думановце, Злокуќане, Извор, Липково, Матејче, Никуштак, Оризаре, Отља, Ранковце, Ропаљце, Руница, Слупчане и Стрима.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Липково.

6) **Општина Орашец со населените места:** Алакинце, Вакав, Винце, Габреш, Градиште, Д'лга, Живиње, Кокошиње, Колицко, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Малино, Орашец, Пезово, Пчиња, Скачковце, Студена Бара и Шупљи Камен.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Орашец.

7) **Општина Ранковци со населените места:** Баратлија, Ветуница, Вражогрнце, Герман, Гиновци, Гулинце, Криви Камен, Љубинце, Милутинце, Одрене, Опиле, Отошница, Петралица, П'клиште, Псача, Радибуш, Ранковце и Станче.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Ранковци.

8) **Општина Старо Нагоричане со населените места:** Алгуња, Алинце, Арбанашко, Бајловце, Брешко, Буковљане, Враготурце, Врачевце, Дејловце, Длабочица, Добрача, Драгоманце, Жегљане, Жељувино, Канарево, Карловце, Коинце, Кокино, Макреш, Маљетино, Магленце, Никуљане, Осиче, Пелинце, Пузаљка, Рамно, Старо Нагоричане, Степанце, Стрновец, Цвиланце, Цветишница и Челопек.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Старо Нагоричане.

9) **Општина Табановце со населените места:** Ваксинце, Горно Војнаре, Карабичане, Лојане, Сопот, Стража, Сушево, Табановце и Четирце.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Табановце.

III. ВО ОХРИДСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Асамати со населените места:** Асамати, Арвати, Брајчино, Горна Бела Црква, Грнчари, Долна Бела Црква, Долно Дупени, Езерени, Козјак, Курбиново, Крани, Љубојно, Наколец, Подмочани, Претор, Рајца, Сливница и Штрбово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Асамати.

2) **Општина Белчишта со населените места:** Арбиново, Белчиште, Ботун, Брежани, Велмеј, Врбјани, Горно Средоречe, Годивје, Грко Поле, Долно Средоречe, Здести, Издеглавје, Лактиње, Лешани, Мраморец, Ново Село, Оздолени, Песочани, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Турје и Црвена Вода.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Белчиште.

3) **Општина Брод со населените места:** Брод, Грешница, Девич, Дреново, Крапа, Латово, Локвица, Ореовец, Русјаци, Сланско, Суводол и Требино.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Брод.

4) **Општина Велешта со населените места:** Богоица, Боровец, Брчево, Вевчани, Велешта, Горна Белица, Горно Татеши, Дабовјани, Долна Белица, Долно Татеши, Лабуништа, Мислодежда, Октиси, Подгорци, Поум, Ташморуништа и Тоска.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Велешта.

5) **Општина Дебар со населените места:** Ане, Бањиште, Баланци, Бајрамовци, Бомово, Броштани, Броштица, Власики, Гари, Голем Папрадник, Горенци, Горно Косоврасти, Горно Мелничани, Дебар, Долгаш, Долно Косоврасти, Долно Мелничани, Евла, Елевци, Житињани, Коњари, Коцацик, Кочишта, Кривци, Мали Папрадник, Манастирец, Могорче, Новак, Осолница, Осој, Отишани, Оцевци, Пареши, Праленик, Рајчица, Селокуки, Спас, Сушица, Трнаник, Црнобоци и Цепиште.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Дебар.

6) **Општина Зајас со населените места:** Бачиште, Букојчани, Горно Страгомиште, Грешница, Длапкин Дол, Долно Страгомиште, Зајас, Колари, Колибари, Лешница, Мидимци, Речани, Тајмиште и Трапчин Дол.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Зајас.

7) **Општина Кичево со населените места:** Атишта, Белица, Брждани. Велмевци, Видрани, Вранештица, Горно Добреноец, Големо Црско, Долно Добреноец, Другово, Душогубица, Ехлоец, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јудово, Карбуница, Козица, Кичево, Кладник, Кленовец, Кнежино, Лавчани, Манастир Доленци, Малкоец, Мало Црско, Осој, Подвис, Поплжани, Попоец, Пространье, Раштани, Свињиште, Србјани, Староец и Цер.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Кичево.

8) **Општина Косел со населените места:** Вапила, Горно Лакочереј, Долно Лакочереј, Завој, Куратица, Косел, Ливоиште, Опеница, Орман, Плаке, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатно.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Косел.

9) **Општина Луково со населените места:** Аржаново, Безово, Буринец, Глобочица, Дренок, Збажди, Јабланица, Лакавица, Локов, Луково, Модрич, Нерези, Пискупштина, Присовјани и Селце.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Луково.

10) **Општина Манастирец со населените места:** Битово, Белица, Бенче, Близанско, Брезница, Брест, Вир, В'лче, Горно Крушје, Горно Ботушје, Горни Манастирец, Долни Манастирец, Долно Крушје, Долно Ботушје, Драговдол, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Лупште, Могилец, Модриште, Растеш, Рамне, Самоков, Слатино, Старо Село, Сушица, Тажево, Томино Село, Тополница, Требовле и Црешнево.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Долни Манастирец.

11) **Општина Осломеј со населените места:** Арангел, Бериково, Гарани, Жубрино, Јаголдоленци, Јагол, Лазаревци, Мамудовци,

Ново Село, Осломеј, Папрадиште, Поповјани, Премка, Србица, Стрелци, Туин, Црвовци и Шутево.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Осломеј.

12) **Општина Охрид со населените места:** Велгошти, Велестово, Елшани, Конско, Лескоец, Лабуништа, Охрид, Пештани, Рамне, Трпејца и Шипокно.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Охрид.

13) **Општина Ресен со наслените места:** Болно, Волкодери, Горно Дупени, Дрмени, Евла, Златари, Избишта, Илино, Јанкоец, Конско, Кривени, Крушје, Лавци, Лева Река, Лескоец, Отешево, Петрино, Перово, Покрвеник, Прељубје, Ресен, Сопотско, Стење, Стипино, Царев Двор и Шурленци.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Ресен.

14) **Општина Струга со населените места:** Бегово, Вишни, Волино, Враниште, Горенци, Делогожди, Драслајца, Заграчани, Калишта, Климештани, Корошишта, Ливада, Ложани, Мали Влај, Мешеишта, Мислешево, Мороишта, Ново Село, Оровник, Подмоље, Радожда, Радолишта, Струга, Требениште, Франгово, Цепиште и Шум.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Струга.

15) **Општина Челопеци со населените места:** Бигор Доленци, Дворци, Дупјани, Ижишта, Козичино, Крушица, Лисичани, Миокази, Орланци, Патец, Пласница, Преглово, Рабетино, Речани, Светораче и Челопеци.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Челопеци.

IV. ВО СКОПСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Бутељ со населените места:** Бањани, Блаце, Бразда, Брест, Бродец, Бутељ, Булачани, Глуово, Горњане, Горно Оризари, Кучевиште, Љубанци, Љуботен, Мирковци, Побужје, Радишани, Раштак, Танушевци, Ѓрешево и Чучер.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Бутељ.

2) **Општина Ѓорче Петров со населените места:** Арнакија, Бардовци, Бојане, Буковиќ, Влаје, Вучидол, Глумово, Ѓорче Петров, Горно Свиларе, Грачане, Грчец, Дворци, Долно Свиларе, Злокуќани, Копаница, Кондово, Крушопек, Кучково, Ласкарци, Љубин, Матка, Никиштане, Ново Село, Орман, Оризаре, Паничари, Раовиќ, Радуша, Рашче, Рудник Радуша, Сарај, Семениште, Чајлане и Шишево.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Ѓорче Петров.

3) **Општина Драчево со населените места:** Алдинци, Батинци, Вражале, Вртекица, Горно Количани, Градовци, Гумалево, Дејковац, Долно Количани, Добрино, Долно Лисиче, Драчевица, Драчево, Зелениково, Калдирец, Морани, Ново Село, Орешани, Пагаруша, Палиград, Пакошево, Рамни Габер, Смесница, Станица Зелениково, Страхојадица, Студеничани, Таор, Тисовица и Црвена Вода.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Драчево.

4) **Општина Петровец со населените места:** Ајватовци, Бадар, Белимбегово, Блаце, Брезица, Бујковци, Бунарџик, Бучинци, Горно Коњари, Градманци, Грушино, Дељадровци, Дивље, Долно Коњари, Јурумлери, Идризово, Катлаково, Кадино, Кожле, Ќојлија, Летевци, Марино, Миладиновци, Мршевци, Мралино, Огњанци, Петровец, Р'жаничани, Средно Коњари, Сушица и Текија.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Петровец.

5) **Општина Ракотинци со населените места:** Барово, Говрлево, Горно Солње, Добри Дол, Долно Солње, Држилово, Елово, Јаболци, Малчиште, Нова Брезница, Осинчани, Патишка Река, Ракотинци, Света Петка, Сопиште, Сушица, Умово, Цветово, Црни Врв и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Ракотинци.

6) **Општина Идадија** со подрачје на десната страна по средината на река Вардар, почнувајќи од границата на катастарската општина на Општината Ѓорче Петров, па до средината на Камениот мост на реката Вардар, средината на пошладот Маршал Тито, средината на улиците: Маршал Тито, Железничка, Подвожњакот, „256" до пресекот со улица „252" по средината на ул. „252" до Еврејските гробишта, продолжува по средината на постоечкиот пат и јужните граници на катастарските парцели на град Скопје 114, 106, 114, 108 до пресекот со патот за Кисела Вода, продолжува по средината на истиот пат до пресекот со патот Скопје — Сопиште, продолжува по средината на патот Скопје — Сопиште до тромеѓата на месноста Горно Водно, Кисела Вода и Сопиште, вклучувајќи ги во Општината и населените места Горно Нерези и Долно Нерези.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Скопје.

7) **Општина Кале** со подрачје на левата страна по средината на река Вардар почнувајќи од границата на катастарската општина Ѓорче Петров па до средината на улиците: Борис Кидрич, Цветан Димов и средината на Бутелскиот пат во правец кон Бутел, вклучувајќи го во Општината и населеното место Визбегово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Скопје.

8) **Општина Кисела Вода** со подрачје на десната страна по средината на река Вардар почнувајќи од границите на Општината Идадија па се до крајот на град Скопје во правец кон Драчево, вклучувајќи ги во Општината и населените места Горно Лисиче и Усје.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Скопје.

9) **Општина Саат Кула** со подрачје на левата страна по средината на реката Вардар, почнувајќи од границата на Општината Кале па се до крајот на град Скопје во правецот кон Кумановски пат, вклучувајќи ги во Општината и населените места: Арачиново, Брњарци, Инциково, Мацари, Мојанци, Орланци, Синѓелиќ, Стајковци, Страчинци и Трубарево.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Скопје.

V. ВО ТЕТОВСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Врапчиште со населените места:** Врапчиште, Врановци, Галате, Горно Јеловце, Дебреше, Добри Дол, Долно Јеловце, Зубовце, Калиште, Ново Село, Пожаране и Топлица.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Врапчиште.

2) **Општина Гостивар со населените места:** Балин Дол, Беловиште, Вруток, Гостивар, Горна Бањица, Горна Ѓоновица, Долна Бањица, Долна Ѓоновица, Железна Река, Здуње, Корито, Куново, Ќафа, Лакавица, Лешница, Мало Турчане, Митрој Крсти, Ново Село, Орќуше, Падалиште, Печково, Равен, Речане, Симница, Србиново, Сретково, Страјане, Сушица, Трново, Тумчевиште, Форино, Церово, Чајле и Чегране.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Гостивар.

3) **Општина Жеровјани со населените места:** Блаце, Боговино, Волковија, Горјане, Горно Седларце, Градец, Долно Палчиште, Ѓурѓевиште, Жеровјани, Камењане, Кеч, Ломница, Милетино, Неготино, Новаке, Ново Село, Пирок, Радиовце, Раковец, Селце, Сенокос, Синичане, Стенче, Теново, Урвич и Челопек.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Жеровјани.

4. **Општина Маврово со населените места:** Беличица, Бибај, Богдево, Бродец, Волковија, Врбен, Врбјане, Галичник, Грекај, Дуф, Жужње, Кичиница, Кракорница, Леуново, Маврово, Маврови Анови, Нивиште, Нистрово, Никифорово, Ничпур, Рибница, Сенце и Тануша.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Маврови Анови.

5. **Општина Ростуша со населените места:** Аџиевци, Белетин, Битуше, Велебрдо, Видуше, Жировница, Јанче, Лазарополе, Присојница, Росоки, Ростуша, Селце, Скудрине, Требиште и Тресонче.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Ростуша.

6) **Општина Саракино со населените места:** Горна Лешница, Групчин, Гургурница, Добарце, Долна Лешница, Желино, Копачин Дол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село, Палатица, Рогле, Саракино, Седларево, Стримница, Перово и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Саракино.

7) **Општина Тетово со населените места:** Бозовце, Брвенце, Бродец, Вејце, Вешала, Гајре, Голема Речица, Горно Палчиште, Долно Седларце, Ѓермол, Једоарце, Лавце, Лисец, Мала Речица, Пороја, Селце, Тетово, требош, Фалише, Џепчиште и Шипковица.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Тетово.

8) **Општина Теарце со населените места:** Беловиште, Брезно, Варвара, Вратница, Глоги, Доброште, Жилче, Јанчиште, Јажинце, Јегуновце, Јелошник, Копанце, Лешок, Непроштено, Нераште, Одри, Озормиште, Орашје, Отуње, Отушиште, Подбреге, Првце, Прељубиште, Пршевце, Раотинце, Ратаје, Рогачево, Сетоле, Сиричино, Слатино, Старо Село, Теарце, Туденце и Шемшево.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Теарце.

VI. ВО ТИТОВВЕЛЕШКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Богомила со населените места:** Бистрица, Богомила, Габровник, Капиново, Мокрени, Нежилово, Ореше, Ораовдол, Папрадиште, Плевене, Согле, Теово и Црешнево.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Богомила.

2) **Општина Богданци со населените места:** Богданци, Богородица, Ѓавато, Селемли и Стојаково.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Богданци.

3) **Општина Валандово со населените места:** Ајранли, Аразли, Балинци, Баракли, Башибос, Бајрамбос, Башали, Брајковци, Булунтули, Валандово, Вејсели, Грчиште, Градец, Ѓулели, Дедели, Јосифово, Казандол, Кочули, Марвинци, Пирава, Плавуш, Прстен, Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Удово, Чалакли и Честово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Валандово.

4) **Општина Гевгелија со населените места:** Габрово, Гевгелија, Горничет, Давидово, Кованци, Коњско, Миравци, Милетково, Моин, Мрзенци, Негорци, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Гевгелија.

5) **Општина Градско со населените места:** Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Чичево, Згрополци, Камендол, Кочилари, Крушевица, Куридере, Мрзен, Ораовец, Ногаевци, Паликура, Подлес, Росоман, Свеќани, Сирково, Скачинци, Уланци и Убого.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Градско.

6) **Општина Демир Капија со населените места:** Барово, Бесвица, Бистренци, Демир Капија, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Копришлица, Кошарка, Корешница, Пржде-во, Стрмашево, Чифлик и Челевец.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Демир Капија.

7) **Општина Дојран со населените места:** Дурутли, Ѓопчели, Куртамзали, Николиќ, Нови Дојран, Органцали, Севендокли, Сретеново, Стари Дојран, Фурка, Црничани, Чаушли и Џумабос.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Нов Дојран.

8) **Општина Извор со населените места:** Владиловци, Долно Врановци, Извор, Крнино, Крајници, Мартолци, Оморани, Поменово, Попадија, Смиловци, Стари Град и Степанци.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Извор.

9) **Општина Кавадарци со населените места:** Бегниште, Брушани, Бунарче, Ваташа, Возарци, Галиште, Глишиќ, Грниково, Ѓрбовец, Дабниште, Дебриште, Добротино, Драгожел, Дреново, Драдња, Кавадарци, Клиново, Кошани, Кесендре, Марена, Манастирец, Праводник, Раец, Ресава, Рибарци, Сопот, Трстеник, Фариш, Шивец и Шешково.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Кавадарци.

10) **Општина Конопиште со населените места:** Бојанчиште, Горна Бошава, Долна Бошава, Конопиште, Куманичево, Крнево, Мајдан, Мрежичко, Радња, Рожден, 'Ржаново, Страгово и Чемерско.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Конопиште.

11) **Општина Неготино со населените места:** Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јанешево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Неготино, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Неготино.

12) **Општина Отовица со населените места:** Ветерско, Иванковци, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Отовица, Рудник, Сопот, Сујаклари и Џидимирци.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Отовица.

13) **Општина Титов Велес со населените места:** Башино Село, Бабуна, Белештевица, Бузалково, Горно Оризари, Горно Караслари, Долно Оризари, Долно Караслари, Карабуњиште, Клуковец, Ново Село, Превалец, Раштани, С'лп, Титов Велес, Црквино и Чалошево.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Титов Велес.

14) **Општина Чашка со населените места:** Бањица, Бусилци, Витанци, Војница, Голозинци, Горно Врановци, Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште, Дреново, Еловец, Крива Круша, Лисиче, Мелница, Ново Село, Отиштино, Ораовец, Раковец, 'Рлевци, Сливник и Чашка.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Чашка.

VII. ВО ШТИПСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Берово со населените места:** Берово, Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Берово.

2) **Општина Босилево со населените места:** Банско, Босилево, Бориево, Гечерли, Дабиља, Дрвош, Еднокуќево, Иловица, Моноспитово, Муртино, Петралинци, Радово, Робово, Сарај, Сачево, Свидовица, Секирник, Старо Балдовци, Турново, Хамзали и Штука.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Босилево.

3) **Општина Василево со населените места:** Ангелци, Василево, Варварица, Вељуса, Висока Маала, Грдашорци, Добрејци, Добрешинци, Дукатино, Едрениково, Кушкулија, Нивичани, Нова Маала, Пиперово, Просениково, Радичево, Седларци, Сушево, Трибичани и Чанаклија.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Василево.

4) **Општина Виница со населените места:** Блатец, Виница, Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино и Црн Камен.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Виница.

5) **Општина Делчево со населените места:** Бигла, Ветрен, Вирче, Братиславци, Габрово, Град, Дабје, Делчево, Драмче, Дулица, Звегор, Илиово, Каменица, Киселица, Костин Дол, Косевица, Косево, Луковица, Моштица, Нови Истевник, Очипале, Полето, Разловци, Саса, Селник, Стамер, Стар Истевник, Тодоровци, Тработивиште, Турија и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Делчево.

6) **Општина Кочани со населените места:** Безиково, Бели, Видовиште, Вранинци, Главовица, Горни Подлог, Горно Градче, Грдов-

ци, Долни Подлог, Долно Градче, Зрновци, Јастребник, Кочани, Костиндол, Лешки, Мојанци, Мородвис, Пашачациково, Небојани, Нивичани, Ново Село, Оризари, Пантелеј, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Речани, Тркање, Цера и Црвена Нива.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Кочани.

7) Општина Конче со населените места: Габревци, Гарван, Горно Липовик, Долно Липовик, Долни Радеш, Загорци, Конче, Лубница, Негреновци, Ракитец и Скоруша.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Конче.

8) Општина Лакавица со населените места: Балталија Брест, Горачино, Дољани, Драгоево, Едеклерци, Јамуларци, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Ново Село, Пенуш, Пиперово, Пухче, Селце, Скандалци, Софилари, Степанци, Суво Грло, Танатарци, Топлик, Хаци Рецепли, Хаци Амзали, Хаци Сејдели, Црешка, Чифлик и Шопур.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Лакавица.

9) Општина Ново Село со населените места: Бадиле, Барбарево, Бајково, Борисово, Габрово, Дражево, Зубово, Колешино, Мокриево, Мокрино, Ново Село, Ново Коњарево, Смолари, Старо Коњарево, Стиник и Сушица.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Ново Село.

10) Општина Облешево со населените места: Бања, Бурилчево, Врбица, Жиганци, Кучичино, Лепепелци, Новоселани, Облешево, Рајчани, Соколарци, Спанчево, Теранци, Уларци, Чифлик и Чешиново.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Облешево.

11) Општина Пехчево со населените места: Негрево, Панчарево, Пехчево, Робово, Умлена, Црник и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Пехчево.

12) Општина Пробиштип со населените места: Бунеш, Бучиште, Гајранци, Горни Стубол, Горно Барбарево, Гризилевци, Гуњевци, Добреово, Долни Стубол, Долно Барбарево, Дренак, Древено, Зарапинци, Зелени Град, Злетово, Јамиште, Калмиште, Куково, Кундино, Лезово, Лесново, Маричино, Неокази, Пестришино, Петршино, Пишица, Плешанци, Пробиштип, Пуздерци, Ратавица, Стрмош, Стрисовце, Трипотанци, Трооло, Турско Рудари и Шталковица.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Пробиштип.

13) Општина Радовиш со населените места: Аликоч, Алилоба, Бучим, Воиславци, Горна Враштица, Дурутли, Дамјан, Дедино, Долна Враштица, Држанци, Злеово, Ињево, Јаргулица, Калуѓерица, Калаузлија, Каралоба, Карацалар, Козбунар, Коцалија, Коселија, Ново Село, Ораовица, Патевница, Подареш, Покрајчево, Погулово, Прналија, Радовиш, Раклеш, Сариѓол, Смиланци, Супурге, Сурдулци, Тополница, Худаверли, Чешме Маале, Шипковица, Шаин Таш и Штурово.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Радовиш.

14) Општина Радање со населените места: Агрулица, Вртешка, Голем Габер, Ебеплија, Јунузлија, Калаузлија, Калапетровци, Карбинци, Кепекчелија, Кошево, Козјак, Курфалија, Кучилат, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Никоман, Нов Караорман, Оцалија, Почивало, Прналија, Припечани, Радање, Рујак, Стар Караорман, Таринци, Црвуљево и Шашаварлија.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Радање.

15) Општина Свети Николе со населените места: Амзабегово, Арбасанци, Бориловци, Богословец, Горно Ѓуѓанци, Горобинци, Делисинци, Долно Ѓуѓанци, Ерцелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Мечкуевци, Мустафино, Немањици, Нова Мездра, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преот, Ранченци, Свети Николе, Сопот, Стара Мездра, Стануловци, Стањевци, Стројманци и Трстеник.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Свети Николе.

16) Општина Струмица со населените места: Бањица, Белотино, Водоча, Градско, Балдовци, Злешево, Костурно, Куклиш, Мемешли, Орманли, Попчево, Раборци, Рич, Струмица, Три Води, Чанакли и Чепели.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Струмица.

17) Општина Цумајлија со населените места: Бокирлија, Горно Црнилиште, Ѓуземелци, Дорфулија, Долно Црнилиште, Каратманово, Коселари, Кишино, Милино, Сарамзалино, Хаци Бегово, Хаци Матово и Цумајлија.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Цумајлија.

18) Општина Штип со населените места: Батање, Врсаково, Горни Балван, Горно Трогерци, Доброшани, Долни Балван, Долно Трогерци, Криви Дол, Крупиште, Сарчиево, Судиќ, Сушево, Тестемелци, Три Чешми, Чардаклија и Штип.

Седиштето на Народниот одбор на Општината е во Штип.

Член 4

Границите на околиите се утврдени со границите на општините, а границите на општините се утврдени со границите на населените места на подрачјето на општината.

Споровите за граници помеѓу општини на подрачјето на околија ги решава народниот одбор на околијата а споровите за граници помеѓу околии ги решава Извршниот совет.

Член 5

Подрачјето и називите на околиите, како и седиштата на народните одбори на околиите можат да се менуваат само со закон, а подрачјето и називите на општините како и седиштата на народните одбори на општината може да ги менува Извршниот совет.

Член 6

Име на село може да менува народниот одбор на околија по предлог од собирот на избирачите од селото и со согласност на народниот одбор на општината. Извештај за промена име на село народниот одбор на околијата е должен да му поднесе на Извршниот совет, кој може по правото на надзор да го поништи решението на народниот одбор на околијата во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Член 7

Поблиски прописи за извршување на овој закон донесува Извршниот совет.

Член 8

Со влегување во сила на овој закон престанува да важи законот за поделбата на Народна Република Македонија на околии, градови, градски општини и општини од 10 април 1952 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

124.

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ УРЕДУВАЊЕТО НА ОПШТИНИТЕ И ОКОЛИИТЕ

На основа чл. 71 точ. 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за спроведување уредувањето на општините и околиите, што го усвои Републичкиот собор на Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата одржана на 28 јуни 1955 година.

Бр. 10
28 јуни 1955 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски,** с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов,** с. р.

ЗАКОН

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ УРЕДУВАЊЕТО НА ОПШТИНИТЕ И ОКОЛИИТЕ

I.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

До донесувањето на закон за самоуправувањето во општините и околиите, во однос положбата на новите општини и околии, образувањето, организацијата и работата на нивните народни одбори, ќе се применуваат одредбите на Општиот закон за уредувањето на општините и околиите и одредбите на овој закон.

II.

ОБРАЗУВАЊЕ НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ НА НОВИТЕ ОПШТИНИ И ОКОЛИИ

Член 2

До изборот на народни одбори на новите општини и околии во сите општини и околии ќе се образуваат народни одбори што ќе се изберат од редот на членовите на народните одбори на сегашните општини односно околии, што влегуваат во состав на новата општина односно околија.

По исклучок од одредбите на претходниот став народниот одбор на новата општина ќе го сочинуваат сите членови на народните одбори на сегашните општини што влегуваат во состав на новата општина во следните случаи:

а) ако подрачјето на новата општина се поклопува со подрачјето на сегашната општина;

б) ако вкупниот број членови на народните одбори на сегашните општини избрани на подрачјето што влегува во состав на новата општина не го преминува или е поголем за 10 од со закон утврдениот најголем број одборници на општината;

в) ако Извршниот совет одреди така во други случаи.

Член 3

Народниот одбор на сегашната општина може и во случај кога подрачјето на новата општина се поклопува со подрачјето на сегашната општина или кога народниот одбор на новата општина го сочинуваат сите членови на народниот одбор на сегашната општина, во рамките на одреденото број членови на народниот одбор на новата општина, да избере за членови на тој одбор и членови на околискиот собор и соборот на производителите на народниот одбор на сегашната околија во чиј состав се наоѓа сегашната општина, кои се избрани на подрачјето на таа општина.

Член 4

За член на народниот одбор на новата општина може да биде избран член на околискиот собор односно на соборот на производителите на народниот одбор на околијата што е избран на подрачјето на општината. За член на народниот одбор на новата општина може да биде избран, со негова согласност, и народен пратеник — член на Сојузната народна скупштина или на Народното собрание на Народна Република Македонија што е избран на подрачје кое влегува во новата општина.

Народен пратеник што е избран за член на народен одбор на нова општина и народен пратеник избран на подрачјето на новата околија можат да бидат избирани за вршење постојана функција во народниот одбор.

Член 5

До донесувањето на статутите на околиите бројот на членовите на околискиот собор и соборот на производителите на народниот одбор на новата околија го одредува Извршниот совет.

До донесувањето на статутите на општините бројот на членовите на народниот одбор на новата општина го одредува народниот одбор на новата околија.

Член 6

Бројот на членовите што ќе ги бира во народниот одбор на новата општина секој народен одбор на сегашната општина го одредува народниот одбор на новата околија, а бројот на членовите што ќе го бираат во околискиот собор и соборот на производителите на народниот одбор на новата околија околискиот односно градскиот собор и соборот на производителите на сегашните околии и градови го одредува Извршниот совет.

Бројот на членовите на народните одбори на новите општини и околиските собори што ги избираат сегашните народни одбори на општините и околиските собори се одредува сразмерно со бројот на населението на општината односно околијата.

Член 7

Членовите на соборот на производителите на народниот одбор на новата околија ги избираат соборите на производителите на народните одбори на сегашните околии и град Скопје што влегуваат во состав на новата околија.

Колку члена од вкупниот број членови на соборот на производителите на народниот одбор на новата околија се бираат во секоја производителна група се одредува со оглед на учеството на секоја од двете производителни групи во вкупниот општествен производ на новообразуваната околија.

Бројот на членовите на соборот на производителите на народниот одбор на околијата што го избира секој собор на производителите на народните одбори на сегашните околии и град Скопје се одредува сразмерно со бројот на производителите на секоја производителна група во околијата односно град Скопје.

Ако бројот на членовите од поодделни изборни групи во соборот на производителите на народниот одбор на сегашната околија е помал од бројот што тој треба да го избере во соборот на производителите на народниот одбор на новата околија, бројот на членовите што не достига во тој собор ќе го избере тој од редот на членовите на истата производителна група во соборот на производителите на народниот одбор на другата околија што влегува во состав на новата околија.

Член 8

Народните одбори на општините од подрачјето на град Скопје ги сочинуваат членовите на градскиот собор и соборот на производителите на народниот одбор на град Скопје избрани на подрачјето на секоја нова општина. Ако во новата општина, покрај дел од градот, влегува една или повеќе сегашни општини вон градот или делови од такви општини, членови на народниот одбор на новата општина стануваат и членовите на народните одбори на тие општини избрани на подрачјето што влегува во новата општина. Ако на овој начин не може да се пополни одреденот број членови на народниот одбор на новата општина, останатиот број членови на народниот одбор го избираат собирите на избирачи. Народниот одбор на околијата ќе одреди на кои собири на избирачи ќе се врши избор на членови на народниот одбор, како и тоа колку членови ќе се избираат на секој собир на избирачи.

Собирите на избирачи за избор членови на народниот одбор на општината изборот го вршат сходно одредбите за постапката за кандидирање одборници на народните одбори.

Ако бројот на членовите на народниот одбор на новата општина од подрачјето на градот, утврден според одредбите на став 1 од овој член, е поголем од најголемиот број членови на народниот одбор на општина утврден со законот, ќе се постапи според одредбите на член 2 од овој закон.

Член 9

Извршниот совет може да одреди во случај кога новата општина опфаќа во целост или претежен дел од подрачјето за кое постоел собор на производителите, народниот одбор на новата општина да го сочинуваат општински собор и собор на производители. Во таков случај членовите на општински со-

бор се бираат од редот на членовите на околискиот собор на сегашната околија, а членовите на соборот на производителите на општината од редот на членовите на соборот на производителите на сегашната околија.

Член 10

Изборот на членови на народните одбори на новите општини и на околиските собори и соборите на производителите на народните одбори на околиите се врши на седница на народниот одбор на сегашната општина односно на околискиот (градскиот) собор и соборот на производителите на народниот одбор на сегашната околија.

Изборот на членови на народните одбори на новите општини односно околии се врши според прописите што важат за избор на органи на народниот одбор и на начинот по кој се вршат тие избори.

Член 11

На членовите на сегашните народни одбори на општините, околиите и град Скопје што не се избрани за членови на народните одбори на новите општини и околии им престанува одборничкиот мандат во денот одреден за почнување со работа на народниот одбор на новата општина односно околија.

Член 12

Првата седница на народниот одбор на новата општина односно околија ќе ја свика претседателот на народниот одбор на сегашната општина односно околија на чие подрачје се наоѓа седиштето на народниот одбор на новата општина односно околија.

На првата седница народниот одбор на новата општина односно околискиот собор и соборот на производителите на народниот одбор на новата околија избираат верификациона комисија од најмалку три члена, која ја испитува правилноста на изборот на нивните членови.

Член 13

По извршената верификација на мандатите народниот одбор на општината избира претседател на народниот одбор, комисија за статут, комисија за прописи, комисија за службенички прашања, комисија за утврдување имотните права и обврски и за превземање архивите и инвентарот, како и други комисии.

По извршената верификација на мандатите околискиот собор и соборот на производителите на заедничка седница избираат претседател на народниот одбор, комисија за статут, комисија за прописи, персонална комисија, комисија за утврдување имотните права и обврски и за превземање архивите и инвентарот, како и други комисии.

На првата седница околискиот собор на народниот одбор на околијата донесува одлука за утврдување бројот на членовите на народните одбори на новите општини и бројот на членовите што ќе го избираат народните одбори на сегашните општини и градови чии подрачја влегуваат во состав на новата општина.

III.

ОБРАЗУВАЊЕ НА УПРАВНИ ОРГАНИ НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ

Член 14

Народните одбори на новите општини и околии до денот одреден за почнување на нивната работа ќе ги образуваат своите управни органи.

Извршниот совет се овластува да пропише поблиски одредби за организацијата на управните органи на народните одбори.

Член 15

Народните одбори на новите околии можат да образуваат на подрачјето на општината свои управни органи за вршење работи од областа на внатрешните работи и катастарот, кои му се непосредно подредени на соодветниот орган на народниот одбор на околијата.

Член 16

До донесувањето на статутите на новите општини во седиштата на сегашните народни одбори на општините се образуваат месни канцеларии. Месни канцеларии не се образуваат во седиштето на народниот одбор на новата општина.

Месните канцеларии од претходниот став ќе почнат со работа во денот кога ќе почне со работа новата општина.

Народниот одбор на општината ќе го одреди денот кога ќе почнат со работа другите месни канцеларии образувани со статутот, така што овие канцеларии да почнат со работа најдоцна на 1 јануари 1956 година.

Член 17

Месните канцеларии образувани според одредбите на став 1 од претходниот член водат матични книги, избирачки списокови и издаваат изводи од овие евиденции, издаваат сточни пасоши, примаат поднесци од граѓаните упатени до народниот одбор на општината и вршат други работи што ќе ги одреди народниот одбор на општината со статутот или со посебна одлука.

Месните канцеларии можат да примаат и поднесци од граѓаните што се упатени до народниот одбор на околијата, но рокот за предавањето на тие поднесци се пресметнува спрема постоечките прописи.

Месните канцеларии работат според упатствата на секретарот на народниот одбор на општината, а во стручен поглед и според упатствата на надлежниот стручен орган на народниот одбор на општината.

IV.

ПРЕВЗЕМАЊЕ НА АРХИВИТЕ И ИНВЕНТАРОТ

Член 18

Посебните комисии образувани во смисла на член 13 од овој закон должни се до 31 август 1955 година да ги превземат архивите и инвентарот на народните одбори што престануваат со работа.

Превземањето на архивите и инвентарот се врши записнички.

Член 19

Сите свршени и несвршени предмети на народните одбори што престануваат со работа ќе ги превземат комисиите на новообразуваните народни одбори што се стварно и месно надлежни во смисла на новата територијална поделба.

Член 20

Инвентарот на народните одбори што престануваат со работа го превзема комисијата на оној народен одбор во чие подрачје се вклучува во целина или со својот претежен дел подрачјето на народниот одбор чиј инвентар се превзема односно што престанува со работа.

Член 21

Сите службени книги на народните одбори што престануваат со работа ќе се заклучат со денот на престанокот на нивната работа. Со штембилите, печатите и жиговите на народните одбори што престануваат со работа ќе се постапи според постоечките прописи.

V.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Привремените иницијативни одбори за образување на нови општини и околии продолжуваат со работа како иницијативни одбори во смисла на член 59 од Општиот закон за уредувањето на општините и околиите.

Иницијативните одбори престануваат со работа со денот на образувањето на новите народни одбори.

Член 23

Веднаш по влегувањето во сила на овој закон Извршниот совет ќе образува републичка комисија што ќе се грижи за правилното и благовремено спроведување на организацијата на новите народни одбори и за таа цел ќе им дава потребна стручна помош.

Народните одбори на околиите, веднаш по своето конституирање, ќе образуваат околиски комисии, со цел да им дадат помош на народните одбори на општините.

Член 24

Со денот на отпочнувањето со работа на месните одбори престануваат да работат селските одбори.

Член 25

На 1 септември 1955 година се укинува Законот за народните одбори на градовите и градските општини и престануваат да важат сите други прописи што се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 26

Поблиски одредби за спроведување на овој закон ќе пропише Извршниот совет.

Член 27

Овој закон влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Огласен дел

ПРОМЕНА НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решение бр. 5372 од 31-III-1955 година ја одобри промената на фамилијарното име на Трајковска Драгица, родена на ден 11-II-1932 год. во село Балван-Овчеполско, од татко Јане и мајка Василевска Перса, така да во иднина фамилијарното име ќе и гласи Милосавлевиќ.

Согласно чл. 21 став 2 од Законот за лични имиња оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“. (50)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решение бр. 5371 од 31-III-1955 година ја одобри промената на фамилијарното име на Трајковски Бранко, роден на 30 IV-1931 година во Штип, од татко Јанче и мајка Трајкова Јованка, така да во иднина фамилијарното име ќе му гласи Милосавлевиќ.

Согласно чл. 21 став 2 од Законот за лични имиња оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“. (51)

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Авизе Рустем Мустафова, од село СевендеклиГевгелиско, подаде тужба за развод на бракот против Рустем Мустафов, бивш од с. Курдамзали, сега во неизвесност.

Се поканува тужениот во срок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ“ да се јави или ја соопшти својата адреса. Во противен случај ќе му биде одреден старател кој ќе го застапува на денот на расправата на негови разноски.

Од Окружниот суд во Скопје, Г. бр. 292/55.

(53)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Карл Пуфф, од Битола, ул. „Бумбар маале“ бр. 21, подаде тужба за развод на бракот против Техеров Марие Елизабет, од Линквитц, Германија, сега во неизвесност. Бидејќи местожителството и адресата на тужената се непознати се повикува во срок од еден месец од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ“, да се јави или одреди свој застапник. Во противно ќе ѝ биде одреден старател кој ќе ја застапува на денот на расправата.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 296/55.

Александра Ѓорѓи Чапан, од Битола, ул. „Св, Климент Охридски“ бр. 92, подаде тужба за развод на бракот против Чапан Ѓорѓи, од Битола сега во неизвесност. Бидејќи местожителството и адресата на туженото се непознати се повикува во срок од 1 месец од денот објавувањето на огласот во „ Сл. весник на НРМ“ да се јави и одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден старател кој ќе го застапува на денот на расправата.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 607/54.

Атанасовски Петро, од Битола, ул. „Пепи Пупле“ бр. 28, подаде тужба за развод на бракот против Атанасовска Петрова Катина, по татко Филипова, од с. Полипотамос—Леринска околија — Егејска Македонија, сега во неизвесност. Бидејќи местожителството и адресата на тужената се непознати се повикува во срок од еден месец од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ“, да се јави и одреди свој застапник. Во противно ќе ѝ биде одреден старател кој ќе ја застапува на денот на расправата.

Од Окружниот суд во Битола, Г. бр. 188/55.

(48)

ОКРУЖЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Насие Куртиши, од село Чаиле-Гостиварско, подаде тужба за развод на бракот против мажот и Акиф Куртиши, од с. Беловиште — Гостиварско, сега во Санфранциско — Бразилија, со непозната адреса.

Се поканува туженото Акиф Куртиши да се јави во срок од 8 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ“ лично или преку ополномоштено лице. Во противно делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Гостивар, Г. бр. 392/54.

РЕГИСТРАЦИИ НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ И РАБОТИЛНИЦИ

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 997 од 17 февруари 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 323, рег. бр. 323, занаетчискиот дуќан под фирма: Колар Благој Стоименов Николов, со седиште во село Бане. Предмет на работата на дуќанот е: коларски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Благој Стоименов Николов. (118)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 7568 од 24 август 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 283, рег. бр. 283, занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Сали Моарем Бакал, со седиште во с. Блатец. Предмет на работата на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Сали Моарем Бакал. (120)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 7082 од 3 септември 1952 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 209, рег. бр. 209, занаетчискиот дуќан под фирма: Зидар Цанко Трајчев Денчевски, со седиште во Кочани. Предмет на работата на дуќанот е: зидарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Цанко Трајчев Денчевски. (121)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 14953 од 24 декември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 371, рег. бр. 371, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач Стојан Јорданов Димитров, со седиште во с. Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Стојан Јорданов Димитров. (122)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 122 од 26 јануари 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 230, рег. бр. 230, занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Ќемал Али Мустафа, со седиште во с. Блатец. Предмет на работата на дуќанот е: ковачки услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ќемал Али Мустафа. (123)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 212 од 17 јануари 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 225, рег. бр. 225, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач Симеон Костадинов Ефтимов, со седиште во с. Блатец. Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Симеон Костадинов Ефтимов. (124)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 998 од 17 февруари 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 324, рег. бр. 324, занаетчискиот дуќан под фирма: Колар Велин Тодоров Анчев, со седиште во с. Бане. Предмет на работата на дуќанот е: коларски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Велин Тодоров Анчев. (125)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 1204 од 16 март 1954

година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 328, рег. бр. 328, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач Благој Сандев Ѓорѓиев, со седиште во Кочани. Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Благој Сандев Ѓорѓиев. (126)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 6258 од 18 јули 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 254, рег. бр. 254, занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Исмаил Селимов Синаневски, со седиште во с. Новоселани. Предмет на работата на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Исмаил Селимов Синаневски. (127)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 9189 од 24 ноември 1952 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 218, рег. бр. 218, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Никола Стоилов Стоименов, со седиште во с. Д. Подлог. Предмет на работата на дуќанот е: столарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Никола Стоилов Стоименов. (128)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 9021 од 13 ноември 1952 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 217, рег. бр. 217, занаетчискиот дуќан под фирма: Качар Димитар Спиров Ампов, со седиште во с. Блатец. Предмет на работата на дуќанот е: качарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Димитар Спиров Ампов. (129)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 4022 од 12 мај 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 340, рег. бр. 340, занаетчискиот дуќан под фирма: Налбат Садик Ибраимов Јусеинов, со седиште во с. Виница. Предмет на работата на дуќанот е: потковување на добиток.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Садик Ибраимов Јусеинов. (130)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 1096 од 16 март 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 330, рег. бр. 330, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондурација Васил Мишев Иванов, со седиште во Кочани. Предмет на работата на дуќанот е: кондурациски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Васил Мишев Иванов. (131)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 7781 од 21 септември 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 291, рег. бр. 291, занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Геро Велков Николов, со седиште во с. Ц. Нива. Предмет на работата на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Геро Велков Николов. (132)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 14936 од 14 декември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 384, рег. бр. 384, занаетчискиот дуќан под фирма: Бочвар Владе Донев Милев, со седиште во с. Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: бочварски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Владе Донев Милев. (133)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 14937 од 24 декември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 385, рег. бр.385, занаетчискиот дуќан под фирма: Налбат Митко Спиров Наков, со седиште во с. Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: потковување на добиток.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Митко Спиров Наков. (134)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 14939 од 24 декември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 387, рег. бр. 387, занаетчискиот дуќан под фирма: Колар Јордан Димитров Стоименов, со седиште во с. Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: коларски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Јордан Димитров Стоименов. (135)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 14940 од 24 декември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 388, рег. бр. 388, занаетчискиот дуќан под фирма: Леблебиција Гаврил Миланов Јованов, со седиште во с. Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: печење и продавање на леблебија.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Гаврил Миланов Јованов. (136)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 684 од 6 февруари 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 316, рег. бр. 316, занаетчискиот дуќан под фирма: Фризер Јордан Миланов Андов, со седиште во Кочани. Предмет на работата на дуќанот е: фризерски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Јордан Миланов Андов. (137)

На основа дозволата на Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 621 од 8 февруари 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 314, рег. бр. 314, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондурација Панче Р. Андонов, со седиште во Кочани. Предмет на работата на дуќанот е: кондурациски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Панче Р. Андонов. (138)

На основа дозволата на Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 10271 од 16 ноември 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 308, рег. бр. 308, занаетчискиот дуќан под фирма: Качар Стојан Манев Јосифов, со седиште во с. Пробиштип. Предмет на работата на дуќанот е: качарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Стојан Манев Јосифов. (139)

На основа дозволата на Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 11607 од 25 декември 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 311, рег. бр. 311, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Борис Григоров Божинов, со седиште во с. Зрновци. Предмет на работата на дуќанот е: столарски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Борис Григоров Божинов. (140)

На основа дозволата на Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 977 од 16 февруари 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 318, рег. бр. 318, занаетчискиот дуќан под фирма: Фризер Стефан Ангелов Голубов, со седиште во Кочани. Предмет на работата на дуќанот е: фризерски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Стефан Ангелов Голубов. (141)

На основа дозволата на Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 3140 од 15 април 1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 236, рег. бр. 236, занаетчискиот дуќан под фирма: Самарџија Цветан Димитров Стефанов, со седиште во Кочани. Предмет на работата на дуќанот е: самарџиски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Цветан Димитров Стефанов. (142)

На основа дозволата на Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 14924 од 24 декември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 372, рег. бр. 372, занаетчискиот дуќан под фирма: Мутавџија Тасе Миалчов Харалампиев, со седиште во с. Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: мутавџиски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Тасе Миалчов Харалампиев. (143)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 474 од 15 јануари 1955 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 414, рег. бр. 412, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач Тодор Јанев Манасиев, со седиште во с. Тркање. Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Тодор Јанев Манасиев. (145)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 213 од 6 јануари 1955 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 413, рег бр. 413, занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Блаже А. Јосифов, со седиште во Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: ковачки услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Блаже А. Јосифов. (146)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Кочанска околија бр. 144 од 11 јануари 1955 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 412, рег. бр. 412, занаетчискиот дуќан под фирма: Самарџија Милан Алексов Манов, со седиште во с. Злетово. Предмет на работата на дуќанот е: самарџиски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Милан Алексов Манов. (147)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Охридска околија бр. 5194/54 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници под рег. бр. 5, занаетчискиот дуќан под фирма: Јорганџија Шабан Гаши, со седиште во Струга, ул. „Кеј Борис Кидрич" бр. 1. Предмет на работата на дуќанот е: изработка на јоргани.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Шабан Гаши. (148)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Охридска околија бр. 14670/54 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници под рег. бр. 4, занаетчискиот дуќан под фирма: Волновлачар Иванка Матовска, со седиште во Струга. Предмет на работата на дуќанот е: волновлачарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Иванка Матовска. (149)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Охридска околија бр. 16320/54 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници под рег. бр. 3, занаетчискиот дуќан под фирма: Ориент-слаткар Џеладин Дервушовски, со седиште во Струга. Предмет на работата на дуќанот е: изработка и продажба на слатки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Џеладин Дервушовски. (150)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Охридска околија бр. 18266 од 27 октомври 1954 година запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници под рег. бр. 7, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондурација Наум Мариновски, со седиште во село Вевчани. Предмет на работата на дуќанот е: изработка и поправка на кондури.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Наум Мариновски. (153)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Градската општина — Прилеп бр. 20277/54 година запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 207, занаетчискиот дуќан под фирма: Колар Јован Ризаноски, со седиште во Прилеп. Предмет на работата на дуќанот е: коларски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Јован Ризаноски. (154)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Градската општина — Прилеп бр. 18556 од 4 септември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 203, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондурација Мицко И. Мартиноски, со седиште во Прилеп, ул. И. Присајѓанска" бр. 35. Предмет на работата на дуќанот е: кондурациски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Мицко И. Мартиновски. (155)

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Градската општина — Прилеп бр. 18549 од 5 ноември 1954 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 204, занаетчискиот дуќан под фирма: Бербер Живко Г. Петроски, со седиште во Прилеп, ул. „Републиканска" бр. 63. Предмет на работата на дуќанот е: берберски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Живко Г. Петроски. (156)

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27-IV-1955 година, под рег. бр. 70, на страна 203 е запишано следното: Монтажното инсталатерско претпријатие „Радиатор" Скопје е конституисано согласно одобрението на НО на град Скопје — Секретаријат за стопанство бр. 3820 од 25-IV-1955 год. (361)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-IV-1955 година, под реден број 298 е запишано претпријатието под фирма: Индустриско претпријатие за преработка на млеко и млечни производи „Комзумна млекара", со седиште во с. Мацари — Скопско. Предмет на послувањето на претпријатието е: откуп, преработка на млеко и млечни производи и продажба на истите.

Претпријатието е основано со решението на НО на град Скопје, бр. 1074 од 17-I-1948 година.

Претпријатието ќе го потпишуваат директорот Раде Новески, шефот на производството Драган Лепчевски и шефот на сметководството Славко Петралички.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 938/55. (359)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 1-XI-1954 г. под реден број 656 е запишан дуќанот под фирма: Самостоен угостителски дуќан — кујна „Охрид", со седиште во Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: приготвување на топли и ладни јадења, млеко и млечни производи и продажба.

Дуќанот е основан со решението на НО на Градската општина Гостивар, бр. 8951 од 6-IX-1954 година.

Дуќанот ќе го потпишуваат раководителот Владо Христов и Нешат Рамадани.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 656/54. (365)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-III-1955 година, под реден број 283, на страна 729 е запишана под фирма: Продавница на фабриката за чевли „Прва петолетка", Суботица, со седиште во Скопје. Предмет на работата на продавницата е: продажба на чевли, боја и врвки за чевли, калупи и врши продажба на сеќаков вид чорапи.

Продавницата е основана од фабриката за чевли „Прва петолетка" — Суботица, а одобрено од НО на град Скопје — Секретаријат за стопанство бр. 20882 од 22-XI-1953 година и решение бр. 22253 од 12-XII-1953 год.

Продавницата ќе ја потпишува раковидителот Глигор Спиров.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 879/55. (368)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29-IV-1955 година, под реден број 296 на страна 763 е запишано под фирма: Претставништво на Трговското претпријатие за промет полјоприврдни производи на големо „Пролеќе" — Белград, со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на Претставништвото е: трговија со полоприврдни производи на големо за сметка на претпријатието.

Претставништвото е основано од Работничкиот совет на Претпријатието „Пролеќе" — Белград, со записник од 14-IV-1954 година, а одобрено од НО на град Скопје — Секретаријат за стопанстзо, со решение бр. 2227 од 12-III-1955 година.

Претставништвото ќе го потпишува раководителот Борис Наумовски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 943/55. (371)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23-XI-1954 година, под реден број 729 е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан „Елен", со седиште во Гостивар.

Дуќанот е во состав на Трговското претпријатие „Шар" — Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со јажарски стоки, каделни и јутени производи; нафтени деривати, мазива уља и масти; парфимерски и козметички стоки; стакло, порцулан и керамични стоки; канцелариски материјал, хартија, школски прибор и прибор за пишување; жита и мелнички преработки; прехранбени артикли и предмети за кукни потреби; деликатесни производи; производи врз база на шеќер и какао; млеко, млечни производи и печиво; тутунски преработки, тутун и прибор; бои и хемикалии

Дуќанот е основан со решението на НО на Гостиварска околија, бр. 10226 од 6-IX-1954 година.

Раководител на дуќанот е Мизевски Никола.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 729/54. (1618)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23-XI-1954 година, под реден број 741 е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан „Триглав", со седиште во Гостивар.

Дуќанот е во состав на Трговското претпријатие „Шар" — Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со текстил, куси и плетени стоки и конфекција; галантериски и јажарски стоки и играчки, како и намештај.

Дуќанот е основан со решението на НО на Гостиварска околија, бр. 10226 од 10-VIII-1954 год.

Раководител на дуќанот е: Сагири Сафура.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 741/54. (1626)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-III-1955 година под реден бр. 457 е запишано претпријатието под фирма: Претпријатие за производство на градежен материјал и експлоатација на неметали, со седиште во Тетово. Предмет на послувањето на претпријатието е: производство на тули, правење ивичнаци, коцки, плочици за тротоари, канализациони цевки, експлоатација на песок, чакал, камен, мермер и оникс.

Претпријатието е основано со решението на НО на Тетовска околија, бр. 2724 од 16-II-1955 година.

Претпријатието ќе го потпишува директорот Николовски Илија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 457/55. (269)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19-III-1955 година под реден број 712 е запишано претпријатието под фирма: Угостителско претпријатие „Проевска бања", со седиште во с. Проевци — Кумановско. Предмет на послувањето на претпријатието е: обавување хотело угостителски услуги, како и укажување услуги на капење во Проевската минерална бања.

Претпријатието е основано со решението на НО на Градската општина — Куманово, бр. 1365 од 15-III-1955 година.

Претпријатието ќе го потпишува директорот Милорад Георгиевски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 712/55. (329)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 1-IV-1955 година под реден број 742 е запишано следното: Мелничкото претпријатие „Житар" — Скопје, е конституисано согласно одобрението на НО на град Скопје, — Секретаријат за стопанство бр. 9605 од 5-XII-1954 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 889/55 (340)

Окружниот суд во Скопје објавува дека Трговското претпријатие за промет со кожни гумени производи на големо „Ангрокожа и гума", Скопје, досега водено во регистарот на стопанските претпријатија при НО на град Скопје, на страна 198, под реден број 198, е префрлено од поменатиот регистар и запишано во регистарот на стопанските организации при овој суд на 25-IX-1954 година под реден број 486, под фирма: Трговско претпријатие за промет со кожни и гумени производи на големо „Ангрокожа и гума", со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на претпријатието е: трговија на големо со кожа, кожен прибор и галантерија, седларска и ременска стока, производи од гуми, каучук и пластични маси и готови кондури. Дејноста на мало претпријатието ќе ја врши преку своите трговски дуќани и тоа: Трговскиот дуќан „Шевро", на ул. „Белградска" бр. 74 и Трговскиот дуќан „Антилоп" на ул. „Стиф Наумов" бр. 48. Истите се без посебни права.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 490/54. (273)

СОДРЖИНА

Страна

123. Указ за прогласување на Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија 233

124. Указ за прогласување на Законот за спроведување уредувањето на општините и околиите 240

Издавач: Новинско-издавачко претпријатие „Службен весник на Народна Република Македонија" — Скопје. ул. „29 ноември". Одговорен уредник П. Јаневски. Пошт фах 51. Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје бр. 802-Т-698. Печатница „Гоце Делчев" П — Скопје